Образец бр. 2

# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

1. **Опис на проблемите**

Во Законот за извршување постоеја одредени недоречености во делот на постапувањето на нотарите по приговор од должникот против решението на нотарите со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, потоа во делот на постапувањето на заменикот на извршителот во случај на престанок на должноста на извршителот, како и обврските на заменикот на извршителот кога го заменува извршителот во случај на спреченост на извршителот да ја извршува должноста поради трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста - суспензија.

Воедно во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, постојното решение беше креирано пред законското регулирање на сферата на трансакциските сметки на лицата, на која се слеваат сите приходи во корист на едно лице и за која ниту банката како носител на платниот промет, ниту пак извршителот во иницијалната фаза на извршување немаат сознанија за постоење на основи за ценење на законските ограничувања од членовите 104 и 105 од Законот, што честопати предизвикува негативни реакции во јавноста без конкретна вина на банките ниту пак извршителите, поради што се појави за потребно да се прецизира начинот на извршување кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Предложените измени и дополнувања на Законот за извршување се во функција на отстранување на недостатоците и прецизирање на одделни одредби во постојниот закон. Со донесување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување ќе се обезбеди непречена работа на извршителите, носителите на платен промет во државата и целокупниот систем на извршување во Република Македонија.

**Идентификација на можни решенија (опции)**

Донесување на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување со предложените решенија од Министерството за правда со кој во одредбите со кои се уредува постапувањето на нотарите во врска со предлозите за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно во членот 16-ж со кој се уредува обврската за

плаќање на судска таска, се пропишува дека во постапката за донесување на решение со кое се дозволува извршување се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси намалена според Законот за нотаријатот, а зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа " се бришат. Ова од причина што судска такса по приговор против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа ќе ја наплатува судот кој ќе постапува по приговорот и не постои основ за намалување на истата.

Воедно се пропишува дека заменикот на извршителот ќе го заменува извршителот и во случај на изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста на извршителот кој го заменува. Со предложените законски решенија се пропишува дека заменикот на извршителот ќе продолжи да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот, до завршување на постапката за именување на извршител. како и се врши прецизирање на правата, обврските и одговорностите на заменикот на извршителот, односно се пропишува дека доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување.

Во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, се прецизира начинот на извршување со тоа што кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице, со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на посебната сметка на извршителот кој е должен да ги чува 15 дена по извршениот пренос на средствата, а на физичкото лице му се овозможува да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи за ограничување или изземање од извршување предвидени со законот. Ако физичкото лице презентира такви основи за ограничување или изземање од извршување извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата почитувајќи ги ограничувањето и изземањето на извршување на средствата, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот. При креирањето на ваквото законско решение беа консултирани Националниот совет за платни системи при Народната банка на Република Македонија, како и Министерството за труд и социјална помош, кои со своите укажувања придонесоа во финализирање на предложеното решение.

Покрај оваа измена се пропишува нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите, кога нивното постапување е уредено со друг закон.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение :**

- **Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување**

**Опис:**

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување во одредбите со кои се уредува постапувањето на нотарите во врска со предлозите за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно во членот 16-ж со кој се уредува обврската за плаќање на судска таска, се пропишува дека во постапката за донесување на решение со кое се дозволува извршување се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси намалена според Законот за нотаријатот, а зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа " се бришат. Ова од причина што судска такса по приговор против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа ќе ја наплатува судот кој ќе постапува по приговорот и не постои основ за намалување на истата.

Воедно се пропишува дека заменикот на извршителот ќе го заменува извршителот и во случај на изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста на извршителот кој го заменува. Со предложените законски решенија се пропишува дека заменикот на извршителот ќе продолжи да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот, до завршување на постапката за именување на извршител. како и се врши прецизирање на правата, обврските и одговорностите на заменикот на извршителот, односно се пропишува дека доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување.

Во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, се прецизира начинот на извршување со тоа што кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице, со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на посебната сметка на извршителот кој е должен да ги чува 15 дена по извршениот пренос на средствата, а на физичкото лице му се овозможува да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи за ограничување или изземање од извршување предвидени со законот. Ако физичкото лице презентира такви основи за ограничување или изземање од извршување извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата почитувајќи ги ограничувањето и изземањето на извршување на средствата, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот. При креирањето на ваквото законско решение беа консултирани Националниот совет за платни системи при Народната банка на Република Македонија, како и Министерството за труд и социјална помош, кои со своите укажувања придонесоа во финализирање на предложеното решение.

Покрај оваа измена се пропишува нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите, кога нивното постапување е уредено со друг закон.

**1.Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

1. **Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнатите страни

Нема

-Други нефинансиски придобивки за засегнатите страни

Со предложените решенија на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се обезбедува непречена работа на извршителите, носителите на платен промет во државата и целокупниот систем на извршување во Република Македонија.

2. **Ризици и претпоставки**

Доколку Владата на Република Македонија одлучи да не предложи донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување останува да се применува постојниот Закон за извршување во кој постојат одредени недоречености во делот на постапувањето на нотарите по приговор од должникот против решението на нотарите со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, потоа во делот на постапувањето на заменикот на извршителот во случај на престанок на должноста на извршителот, како и обврските на заменикот на извршителот кога го заменува извршителот во случај на спреченост на извршителот да ја извршува должноста поради трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста - суспензија.

Воедно во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, постојното решение беше креирано пред законското регулирање на сферата на трансакциските сметки на лицата, на која се слеваат сите приходи во корист на

едно лице и за која ниту банката како носител на платниот промет, ниту пак извршителот во иницијалната фаза на извршување немаат сознанија за постоење на основи за ценење на законските ограничувања од членовите 104 и 105 од Законот, што честопати предизвикува негативни реакции во јавноста без конкретна вина на банките ниту пак извршителите, поради што се појави за потребно да се прецизира начинот на извршување кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице.

3. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА / НЕ | ДА / НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / НЕ | ДА / НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Спроведени се консултации со Министерство за финансии, Секретаријатот за Законодавство,Министерство за информатичко општество и администрација, Народна банка на Република Македонија, Комората на извршители на РМ и Нотарската комора на РМ.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување во одредбите со кои се уредува постапувањето на нотарите во врска со предлозите за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно во членот 16-ж со кој се уредува обврската за плаќање на судска таска, се пропишува дека во постапката за донесување на решение со кое се дозволува извршување се плаќа судска такса согласно со Законот за судските такси намалена според Законот за нотаријатот, а зборовите „како и по приговор против решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа " се бришат. Ова од причина што судска такса по приговор против решението за извршување врз основа на веродостојна исправа ќе ја наплатува судот кој ќе постапува по приговорот и не постои основ за намалување на истата.

Воедно се пропишува дека заменикот на извршителот ќе го заменува извршителот и во случај на изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста на извршителот кој го заменува. Со предложените законски решенија се пропишува дека заменикот на извршителот ќе продолжи да ја врши должноста во случај на престанок на должноста на извршителот, до завршување на постапката за именување на извршител. како и се врши прецизирање на правата, обврските и одговорностите на заменикот на извршителот, односно се пропишува дека доколку заменикот на извршителот постапува поради спреченост на извршителот на кој му е изречена дисциплинска мерка трајно или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител или привремена забрана за вршење на должноста-суспензија, не смее да прима нови барања за извршување.

Во глава тринаесетта која се однесува на извршување врз парично побарување на должник, во делот извршување врз побарување по сметка кај банка, се прецизира начинот на извршување со тоа што кога се работи за извршување врз парично побарување кое по сметка кај банка му припаѓа на физичко лице, со налог за извршување и се наложува на банката паричниот износ за кој е издаден налог за извршување да го исплати на посебната сметка на извршителот кој е должен да ги чува 15 дена по извршениот пренос на средствата, а на физичкото лице му се овозможува да пристапи пред извршителот и да презентира постоење на основи за ограничување или изземање од извршување предвидени со законот. Ако физичкото лице презентира такви основи за ограничување или изземање од извршување извршителот ќе го спроведе извршувањето од соодветниот износ на средствата почитувајќи ги ограничувањето и изземањето на извршување на средствата, а остатокот од средствата ќе му ги врати на должникот. При креирањето на ваквото законско решение беа консултирани Националниот совет за платни системи при Народната банка на Република Македонија, како и Министерството за труд и социјална помош, кои со своите укажувања придонесоа во финализирање на предложеното решение.

Покрај оваа измена се пропишува нова дисциплинска повреда со цел да се обезбеди законито работење на извршителите, кога нивното постапување е уредено со друг закон.

**Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

- Радица Лазареска Геровска – државен советник

**Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на Предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Blerim Bexheti – Министер за правда
- Билјана Бришкоска-Бошковски - Заменик министер за правда

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Има / **Нема влијание** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Има / **Нема влијание** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има / **Нема влијание** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има / **Нема влијание** | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има / **Нема влијание** | врз животната средина. |
| 6. | Има / **Нема влијание** | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:/<br>Вклучени организации и претставници: / | ДА / НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | Свое мислење дадоа следниве организации: / | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | ДА/НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА/НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА/НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | ДА/НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот*, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................ Датум: 16.05.2012